**РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**
**НОТАР**
**ЗАРИЈА АПОСТОЛОВА**
Неготино,ул. „ Ацо Аџи Илов“ бр.15А
03.07.2019 год.

**ОДУ бр.255/19**
**Извод**

---------------------------------------------------------------------------------------------------------------------
----------------------------------------------**НОТАРСКИ АКТ**-------------------------------------------
---------------------------------------------------------------------------------------------------------------------

Јас, **Нотар Зарија Апостолова** со службено седиште во Неготино на улица „Ацо Аџи Илов“ бр.15А, за Нотарско подрачје на Основен суд Неготино, по доставената писмена покана од Друштво за производство и промет Винарска Визба ПОПОВА Кула АД Демир Капија, со седиште на Булевар на Виното бр.1 Демир Капија, да присуствувам на седница на Собрание на акционери на Друштвото на ден 28/06/2019 година, со почеток во 12 часот, на ул. Булевар на виното бр.1 Демир Капија во просториите на друштвото, заради првземање на службено дејствие, согласно член 73од Закон за нотаријатот и член 384,385,386,407 од Закон за трговски друштва,а во врска со член 298 од истиот закон, како повикан нотар да потврдам Одлуки на Собрание на друштвото, поради што го сочинив следниот---------------------------------------------------------------------------------------------

------------------**ЗАПИСНИК ЗА ТЕКОТ НА СЕДНИЦАТА НА СОБРАНИЕТО**----------
---**НА АКЦИОНЕРИТЕ НА ВИНАРСКА ВИЗБА ПОПОВА КУЛА АД Демир Капија**---
---------------------------------------------------------------------------------------------------------------------

Пред почетокот на седницата на Собранието од страна на Извршниот член на Одборот на директори Извршен Директор со неограничени овластувања во внатрешниот и надворешниот промет ЈОРДАН ТРАЈКОВ од Демир Капија,со стан на живеење на улица „Партизанска “ бр.7,чиј што идентитет го утврдив со увид во тековна состојба на друштвото и увид во лична карта број А1643033 издадена од МВР Неготино на ден 08.02.2013 година и ЕМБГ 0202969483000, ми беа предочени следните исправи кои се составен дел на овој записник:-----------------------------------------------------------------------
Тековна состојба издадена од Централен Регистар на Р.С. Македонија под бр.0805-50/155020190023714 од 28.6.2019 година.-----------------------------------------------------------
Покана до нотар да биде записничар на редовното годишно собрание на акционери на ВВ Попова Кула АД Демир Капија;-------------------------------------------------------------------------
Јавен повик објавен во дневниот весник Нова Македонија за учество на редовното годишно собрание на акционери на Винарска Визба Попова Кула АД Демир Капија, Булевар на виното бр.1 Демир Капија, што ќе се одржи на 28.06.2019 година (петок), со почеток во 12 часот во Демир Капија, простории на ВВ Попова Кула АД, со утврден дневен ред.-------------------------------------------------------------------------------------------------
Статут на Друштвото за производство и промет Винарска Визба ПОПОВА КУЛА АД Демир Капија(пречистен текст), од кој утврдид дека Друштвото има 2.700.000 обични акции и номинална вредност на акциите е 1Евро по курс од 61,50 денари од кое утврдив дека Собранието може да работи односно има кворум за работа ако на седницата присуствуваат верификувани учесници на собранието кои поседуваат најмалку мозинство од вкупниот број на акционерите со право на глас.-----------------------------------------------
Список на акцинери присутни на Собрание на Друштво за производство и промет Винарска Визба ПОПОВА КУЛА АД Демир Капија.-----------------------------------------------
Акционерска книга на Друштвото со дата од 27.06.2019 година 10:32:21,издадена од Централен депозитар за хартии од вредности АД Скопје кое се води под ISIN: МКРОРК101014, од кое утврдив дека Издавачот Друштво за производство промет Винарска Визба ПОПОВА КУЛА АД Демир Капија издало акции итоа: Вид:обични акции ;Номинална вредност по ХВ 61.5 МКД; Вкупен број на ХВ 2700000; Вкупен номинален капитал 166050000МКД;Број на гласови 2700000;Состојба активен Број на иматели 755;Број на сопственички позиции:756;Права на емисијата:Обични акции;---------------------
Од Пријавата на присутните акционери на седницата кој е прилог кон овој Нотарски акт, утврдив дека на седницата се присутни вкупно 9(девет) акционери,со вкупно 1.578.912 акции со право на глас и тоа: 1.**ДАНЕВ ЗЛАТКО** од Кавадарци, ул.Прилепска бр.28, со ЕМБГ 1410969483006 во својство на акционер-сопственик на 2433 (двестачетириесетитри ) обични акции на Винарска Визба Попова Кула АД Демир Капија,2.**ГРИГОРИ ПОПОВСКИ** од Скопје, ул.Анкарска бр.23/24 со ЕМБГ0204952450063, во својство на

30

акционер-сопственик на 88603 (осумдесетиосумилјадишестотиниитри)обични акции на Винарска Визба Попова Кула АД Демир Капија; 3.**КЛИМЕ БАБУНСКИ** од Скопје, ул. 8-ми Март бр.13-2, со ЕМБГ 1301958450013 во својство на акционер-сопственик на 15730 (петнаесетилјадиседумстотиниитриесет)обични акции на Винарска Визба Попова Кула АД Демир Капија; 4.**ГОРДАНА ТРАЈКОВА** од Скопје, ул.Њу Делхиска бр.4-3/9, со ЕМБГ 1005974488006 во својство на акционер-сопственик на 30000 (триесетилјади)обични акции на Винарска Визба Попова Кула АД Демир Капија; 5.**ТОДОР ЧЕРЕПНАЛКОВСКИ** од Скопје, ул.Рузвелтова бр.4, со ЕМБГ 0104940450179 во својство на акционер-сопственик на 68766 (шеесетиосумилјадиседумстотинишеесетишест)обични акции на Винарска Визба Попова Кула АД Демир Капија ; 6.**ИГОР ДЕЛОВСКИ** од Скопје, ул.Јане Сандански бр.93-2/12, со ЕМБГ 1412977484006 во својство на акционер-сопственик на 2600 (двеилјадиишестотини)обични акции на Винарска Визба Попова Кула АД Демир Капија; 4.**ЈОРДАН ТРАЈКОВ** од Демир Капија, ул.Партизанска бр.7, со ЕМБГ 0202969483000 во својство на акционер-сопственик на 153(стопедесетитри)обични акции на Винарска Визба Попова Кула АД Демир Капија; 7.**АЛЕКСАНДАР ТАЛИМЏИОСКИ** од Скопје, ул.М.Т. Гологанов бр.112/-37Карпош, со ЕМБГ 1706981440025 во својство на акционер-сопственик на 2891 (двеилјадиосумстотини деведесет и една)обични акции на Винарска Визба Попова Кула АД Демир Капија; 8.**ТИХОМИР МУКАЕТОВ** од Скопје, ул.Партизански одреди бр.4, со ЕМБГ 2502946450033 во својство на акционер-сопственик на 2160 (двеилјадистошеесет)обични акции на Винарска Визба Попова Кула АД Демир Капија; 9.**Друштво за производство, промет и конаслтинг ИНТЕКО ДОО увоз-извоз Скопје,** со седиште на ул.Даме Груев бр.5-7/14 Скопје, со ЕМБС 5781795,со ЕДБ 4030003484689, Управител Гордана Трајкова во својство на акционер-сопственик на 1365576 (еденмилионтристашеесетипетилјади петстотиниседумдесетишест)обични акции на Винарска Визба Попова Кула АД Демир Капија;Или вкупно 1.578.912(еденмилионпетстотиниседумдесетиосумилјадидеветсотини дванаесет)-------------------------------------------------------------------------------------------------------------------------

Седницата започна во 13 часот и 45 минути и ја отвори Актуелниот претседавач Тихомир Мукаетов,кој го прочита дневниот ред на ова Собрание и кој што беше едногласно прифатен;------------------------------------------------------------------------------------------------

Собранието работеше по следниот дневен ред:--------------------------------------------------------

Процедурален дел:-----------------------------------------------------------------------------------------

1. Отворање на Собраието ;-------------------------------------------------------------------------------

2.Избор на работни тела :----------------------------------------------------------------------------------

Избор на прецедавач на собранието на Друштвото.---------------------------------------------------

По однос на оваа точка за претедавачи беа предложени Александар Талимџиоски и Тихомир Мукаетов. Се пристапи кон гласање, за изборт за Тихомир Мукаетов за претседавач,6(шест)гласаа „ЗА“, против нема, Воздржани 3(тројца) или по број на гласови 1.471.688 гласа „ЗА“, а 107.224 „ВОЗДРЖАНИ“, „ПРОТИВ“нема.----------------------------------

За Александар Талимџиоски беа „ВОЗДРЖАНИ“,6 а 3 беа „ЗА“ или по број на гласови 1.471.688 гласа „ВОЗДРЖАНИ', а 107.224 гласаа „ЗА“.--------------------------------------------

-За претседавач е избран Тихомир Мукетов.--------------------------------------------------------------

-Избор на записничар и двајца заверувачи на Записникот.-----------------------------------------

Собранието со едногласно гласање за записничар го избра нотар Зарија Апостолова од Неготино или по број на гласови 1.578.912 гласа.---------------------------------------------------

3. Избор на верификациона комисија.-------------------------------------------------------------------

Се предложија двајца членови на верификационата комисија 1.Игор Деловски и 2. Александар Талимџиоски кои беа едногласно избрани или со број на гласови од 1.578.912.-

4.Верификација на списокот на присутни акционери/полномошници и утврдување на кворум за работа и одлучување.---------------------------------------------------------------------------

Претседавачот изврши верификација на списокот на присутните акционери и утврди дека во моментот на акционерското собрание има акционери со 1.578.912 гласа или во проценти 58,48 %(педесетиосумзапирка четириесети осум) проценти.-----------------------------------------

Претседавачот констаира дека има кворум за работа и за полноважно одлучување -----------

Потоа претседавачот ја започна седницата-нејзиниот работен дел.---------------------------------

Бидејќи нема доставено дополнување на дневниот ред се пристапи кон гласање на невниот ред.Дневниот ред беше едногласно усвоен и никој од присутните акционери не се јави за дискусија.-------------------------------------------------------------------------------------------------------

**Точка 1(еден): Усвојување на записникот од собранието на акционери на Винарска Визба Попова Кула АД Демир Капија одржано на 12.06.2018 година**:------------------------

Предлог-Одлука за усвојување.------------------------------------------------------------------------------
Се отвори дискусија и бидејќи никој не се јави за збор се затвори дискусијата.Потоа се пристапи кон гласање, при што присутните јавно со кревање рака од вкупните 1.578.912 гласа, „ЗА " гласале вкупно 1.578.912 гласа, „ВОЗДРЖАНИ" нема „ПРОТИВ" нема.---------
Врз основа на вака спроведената постапка за гласање и соопштените резултати од гласањето, Претседавачот со Собранието на ВВ Попова Кула АД Демир Капија, констатираше дека Собранието ја донесе следната:--------------------------------------------------

**-------------------------------------------------О Д Л У К А ---------------------------------------------**

**СЕ УСВОЈУВА Записникот од акционерското собрание на Попова Кула АД Демир Капија одржано на 12.06.2019 година-----------------------------------------------------------------**

**Точка 2(два) : Разгледување на годишен извештај за работење на Друштвото во 2018 година.-------------------------------------------------------------------------------------------------**

Предлог-Одлука за усвојување.------------------------------------------------------------------------------
Се отвори расправа.За збор се јави Извршниот Директор на Друштвото Винарска Визба Попова Кула Јордан Трајков,кој образложи дека 2018 година беше голем предизвик за Друштвото со сите случувања во државата и затварања на голем број пазаридлуката на Друштвото да вложи во туризам се покажа за доста исправна, бидејќи туризмот бележи раст на ниво на државата на 7,6 %за разлика од 2017 година.-----------------------------------------
Продажбата на виното е подложно на политички турбуленции, Русија како пазар се затвори, пазарот во Кина тргна но бргу замре и во извозот на виното се бележи пад , а исто е и со домашниот пазар, каде продажбата на вино не стагнира туку се намалува. Заради тоа отвораме нов пазар во С.Американски држави и Америка како пазар ќе ја имаме во 2019 година, бидејќи таму направивме доста маркетншки активности, промотивни активности—
Во туризмот направивме некои маркетинг, и доста добро се отворивме спрема некои земји од Балканот. Во однос на оперативата нема некои промени нашите насади со лозје добро ги одгледавме и очекуваме производство на добр вино.----------------------------------------------
Понатаму склучивме договор со партнер од Украина и засадивме околу 1ха лавандо и го обравме. Тоа е новина која не знаеме каде ќе не однесе и какви резултати ќе даде.Лавандата ја насадивме на местата каде виновата лоза не успева „плитка земја".--------
Огромни се проблемите кои се надвиснуваат над фирмата и кои се закануваат да ја затвориме истата, немаме кадар,Имаме потреба од кувари, собари, хигиеничари, а најблиското место Демир Капија брои околу 1.500 жители кои го следат општиот тренд во државата со иселување на младите во странство.-------------------------------------------------------
Во 2017 година успеавме да влеземе во LRTC –еден проект кој е финансиран од Европската Унија помогнат од Влада на Р.Македонија. И лани во месец март бевме единственста фирма која ги имаше сите потребни документи и успеавме да го добиеме проектот. Договорот требаше да го потпишеме во месец август или септември 2018 година, но го потпишавме во месец јануари 2019 година. Проектот е за 200.000,оо ЕУР од кои Винарска Визба Попова кула обезбедува 100.000,оо ЕУР, кои Друштвото ги обезбеди со подигање на хипотекарен кредит од Еуростандар Банка АД Скопје, а 100000 грант..Проктот се однесува за туризам и развој и Друштвото ги искористи средствата за проширување на кујната која сега ќе работи многу поголем капацитет, со нов лифт за комуникации, и изградба на настрешница, така да кај шанкот ќе се постави покриена тенда која ќе се отвара и затвара. Се набавија нови маси и столчиња и се почна со реновирање на 11(единаест)стари соби..---Се соочуваме и со проблем што општина Демир Капија нема ресурси да ни го реши проблемот со вода и заради тоа имавме 3-4 прегорувања на пумпата за вода.----------------------------------------------------------------------------------------------------------
Се јави и проблем со наводнување на земјоделското земјиште.------------------------------------
Александар Талимџиски постави прашање за висината на кредитоти висината на каматната стапка , на што Јордан Трајков одговори дека мораше да се земе поголем кредит –рамка од 300.000,оо ЕУР, за се врати постоечкиот кредит во Шпаркасе банка Македонија АД Скопје, да се купи камп населба, и цистерна за наводнување и од рамката се искористени 170.000,оо ЕУР кои се земени со камата од 6% на период од 7 годинии 1 година грејс период. Камп населбата е од АКТОР и секој од нив е поврзан со вода и струја и ќе бидат искористени за помошниот персонал, за нивно сместување, за да не се плаќа кирија за нивното сместување во градот.-------------------------------------------------------------------------------
Тихомир Мукаетов постави прашање што стана со пазарот на вино во Америка и до каде се постигна.--------------------------------------------------------------------------------------------------------
Јордан Трајков одговори дека растото на пазарот во Америка расте 15,7% на годишно ниво. Во Америка продажбата на вино оди само преку увозници-дистрибутери. Проблем

стана кога фирмата увозник пропадна. Сега имаме воАмерика 4 дистрибутери со можност да станат 5 кои продаваат наше вино во 6 сојузни држави. Мислам дека имаме поле за освојување и се надевам дека тоа што сме го изгубиле во 2018 година, ќе го надокнадиме во 2019 година.--------------------------------------------------------------------------------------------------
За збор се јави Тодор Черепналковски кој праша за лавандата која беше засадена на површина од 1 ха . Одговор на ова прашање даде Златко Данев кој истакна се насади лавандата на површина од само 1ха со меморандум за соработка со партнерот од Украина, кој ги даде садниците и кој ќе ја продава лавандата-пласман, а наша обврска е само платата на вработените. Лавандата сега се суши, а понатаму ќе се прави дестилација на улје. И оваа година приходите се зголемуваат повеќе од туризам отколку од продажба на вино.----------
Тодор Черепналковски истакна дека има впечаток дека винопроизводството се забавува се маргинализира и предлага да се направи стратегија-план –што оваа година, што за 5 години. И негова сугестија е максимално ангажирање на менаџерскиот тим. Тој смета дека друштвото е на критична точка за опстанок. Има добар капацитет 600-700.000 литри вино. Има 500.000,оо ЕУР загуба и нема ниедна година позитивен финансов резултат. А опремата се амортизира. Сметам а и не прифаќам дека актуелната политичка ситуација може да не усмрти. Сугерирам не бидете егоентрични во бизнисот, приберете екипа за добро работење. И одборот на директоти да даде план како ќе изгледа друштвото за 5 години. Ако толку не е добра работата ајде да го дадеме објектот под закуп.--------------------
Јордан Трајков одговори:Стратешкото планирање е одржано.Има борд на директори кој се од Вас избрани. Како и во предходните години така иоваа година направивме стратешко планирање и сите чекори ги правиме по тие планирања, но визијата е Попова Кула секогаш да остане винарија со добро вино и туристичка дестинација. Во делот на производството не е проблем производството на вини, проблем е пазарот. Србија за нас е виртуелно затворена.Во однос на производите менуваме исто како иво однос на цените.------------------
ТодорЧерепналковски рече дека треба да се стави акцент на маркетинг продажбата. Фиксни трошоци на мал производ води кон банкрот. И винопроизводтвото не е по нарачка. Праша дали сте размислувале за давање под закуп. Јордан Трајков одговори дека сме расположени за давање под закуп и веќе имаме преговори со заинтересирани субјекти од Србија.--------------------------------------------------------------------------------------------------------
Глигори Поповски зема збор и рече –мислам дека овде е местото каде треба сите да го дадеме своето видување за работењето на Винарската Визба Попова Кула . Лошата вест по моето видување е што не можеме да го продадеме виното и продажбата на виното опаѓа , и немаме средства за маркетинг и немаме стратегија за маркетинг . Нашите вина се со пристоен квалитет но не се со врвен квалитет. Значи мораме во тој поглед нешто да направиме. Добрата вест е што преживеавме бидејќи има винарски визби во Македонија кои изумреа.И благодарение на Извршниот директор Јордан трајков со неговото знаење и неговата визија. Иако имавме слаб резултат сепак не попаднавме значи имаме шанси да успееме . Годинава гледам позитивни сигнали за успех со согледувањето на промените што ги направивме. Ако успееме да ги надминеме лошите работи оваа година ќе биде подобро.На тоа Јордан Трајков одоговори дека во однос на белите вина вината на Попова Кула се најубави во Македонија. Тодор Черепналковски изјави дека не е задоволен со билансот на работењето на друштвото.Во тој момент Јордан Трајков го напушти собранието.-------------------------------------------------------------------------------------------------
Откако се утврди дека има кворум за гласање или акционери со право на глас ума 58,47% или 1.578.759 гласа,.-------------------------------------------------------------------------------------
Предлог-Одлука за усвојување.-----------------------------------------------------------------------------
Се пристапи кон гласање, при што присутните јавно со кревање на рака од вкупните 1.578.759 ЗА “ гласале вкупно 1.578.759 гласа, „ВОЗДРЖАНИ“ нема „ПРОТИВ“ нема.-----
Претседавачот со Собранието на ВВ Попова Кула АД Демир Капија, констатираше дека Собранието ја донесе следната:-------------------------------------------------------------------------------

**----------------------------------------------О Д Л У К А ----------------------------------------------**

**СЕ УСВОЈУВА Одлуката за разгледување на годишниот извештај за работење на Друштвото Попова Кула АД Демир Капија за 2018 година--------------------------------------**
**-------------------------------------------------------------------------------------------------------------------------**

**Точка 3(три) : Разгледување на годишната сметка за 2018годишна и на ревидирани финансиски извештаи на друштвотоза 2018 година.-------------------------------------------**
**По однос на првата точка:**Се стави точката на разгледување. За дискусија не се јави никој. Се заклучи дискусијата и се премина на гласање, при што присутните јавно со кревање на рака од вкупните 1.578.759 ЗА “ гласале вкупно 1.578.759 гласа,

„ВОЗДРЖАНИ“ нема „ПРОТИВ“ нема.--------------------------------------------------------------------
Претседавачот со Собранието на ВВ Попова Кула АД Демир Капија, констатираше дека Собранието ја донесе следната:--------------------------------------------------------------------------------
---------------------------------------------------**О Д Л У К А** ---------------------------------------------
**СЕ УСВОЈУВА Одлуката за усвојување на годишната сметка.**--------------------------------
По однос на втората точка Одлука за ревидирани финансиски извештаи.------------------------
Се стави точката на разгледување. За дискусија не се јави никој. Се заклучи дискусијата и се премина на гласање,при што присутните јавно со кревање на рака од вкупните 1.578.759 ЗА “ гласале вкупно 1.575.868 гласа, „ВОЗДРЖАНИ“ нема „ПРОТИВ“ има 2891 гласа.-------------------------------------------------------------------------------------------------------
Претседавачот со Собранието на ВВ Попова Кула АД Демир Капија, констатираше дека Собранието ја донесе следната:---------------------------------------------------------------------------------
---------------------------------------------------**О Д Л У К А** ---------------------------------------------
**СЕ УСВОЈУВА Одлуката за усвојување на ревидирана годишната сметка.**--------------
-------------------------------------------------------------------------------------------------------------
**Точка 4(четири): Разгледување на консолидираната годишната сметка за 2018година и на ревидирани консолидирани финансиски извештаи на друштвотоза 2018 година.-**
**По однос на првата точка:**Предлог Одлука за усвојување на консолидирана годишна сметка:Се стави точката на разгледување. За дискусија не се јави никој. Се заклучи дискусијата и се премина на гласање, при што присутните јавно со кревање на рака од вкупните 1.578.759 ЗА “ гласале вкупно 1.578.759 гласа, „ВОЗДРЖАНИ“ нема „ПРОТИВ“ нема.-----------------------------------------------------------------------------------------------------
Претседавачот со Собранието на ВВ Попова Кула АД Демир Капија, констатираше дека Собранието ја донесе следната:---------------------------------------------------------------------------------
---------------------------------------------------**О Д Л У К А** ---------------------------------------------
**СЕ УСВОЈУВА Одлуката за усвојување на консолидирана годишната сметка.**----------
По однос на втората точка Одлука за усвојување на ревидирани конслидирани финансиски извештаи.--------------------------------------------------------------------------------------------------
Се стави точката на разгледување. За дискусија не се јави никој. Се заклучи дискусијата и се премина на гласање,при што присутните јавно со кревање на рака од вкупните 1.578.912 ЗА “ гласале вкупно 1.578.868 гласа, „ВОЗДРЖАНИ“ нема „ПРОТИВ“ има 2891 гласа.-------------------------------------------------------------------------------------------------------
Претседавачот со Собранието на ВВ Попова Кула АД Демир Капија, констатираше дека Собранието ја донесе следната:---------------------------------------------------------------------------------
---------------------------------------------------**О Д Л У К А** ---------------------------------------------
**СЕ УСВОЈУВА Одлуката за усвојување на консолидирана годишна сметка.**------------
-------------------------------------------------------------------------------------------------------------
**Точка 5(пет): Распределба на добивката на друштвото за 2018 година.**---------------------
Се стави точката на разгледување. За дискусија не се јави никој, бидеји се констатира дека нема распределба на добивката заради тоа што добивката се користи заради покривање на акумулирана загуба од предходни години. Се заклучи дискусијата и се премина на гласање, при што присутните јавно со кревање на рака од вкупните 1.578.759 ЗА “ гласале вкупно 1.578.759 гласа, „ВОЗДРЖАНИ“ нема „ПРОТИВ“ нема.-------------------------------------------
Претседавачот со Собранието на ВВ Попова Кула АД Демир Капија, констатираше дека Собранието ја донесе следната:---------------------------------------------------------------------------------
---------------------------------------------------**О Д Л У К А** ---------------------------------------------
**СЕ УСВОЈУВА Одлуката за распределба на добивката, за покривање на акумулирана загуба од предходните години.**------------------------------------------------------
**Точка 6(шест):Извештај за работење на одборот на директори за 2018 година.**-----------
Се стави точката на разгледување. Се образложи дека Одборот на директори работеше редовно.Имаше 7 (седум)состаноци на одбор на директори. Во месец фаврувари се одржа стратешкото планирање од каде произлезе заклучок за зајакнување на секторот туризам и беше одлучено да се подигне кредит. Се прочита извештајот од работењето на Одборот на директори. Прашања нема. Се заклучи дискусијата и се премина на гласање, и се констатира дека се врати акционерот Јордан Трајков при што присутните јавно со кревање на рака пристапија кон поединечно разгледување на работата на членовите на одборот на директори:---------------------------------------------------------------------------------------------------
За Јордан Трајков од вкупните 1.578.912 ЗА “ гласале вкупно 1.578.759 гласа, „ВОЗДРЖАНИ“ еден, односно 153 гласа „ПРОТИВ“ нема.----------------------------------------

За Глигорија Поповски од вкупните 1.578.912 ЗА " гласале сите, „ВОЗДРЖАНИ"нема „ПРОТИВ" нема.----------------------------------------------------------------------------------------------

За Ивона Колева од вкупните 1.578.912 ЗА " гласале сите„ВОЗДРЖАНИ" нема „ПРОТИВ" нема.----------------------------------------------------------------------------------------------

За Златко Данев од вкупните 1.578.912 ЗА " гласале вкупно 1.576.479 гласа, „ВОЗДРЖАНИ" еден односно 2433 гласа „ПРОТИВ" нема.---------------------------------------

За Климе Бабунски од вкупните 1.578.912 ЗА " гласале вкупно 1.563.182 гласа, „ВОЗДРЖАНИ" еден односно 15.730 гласа „ПРОТИВ" нема.-------------------------------------

Претседавачот со Собранието на ВВ Попова Кула АД Демир Капија, констатираше дека Собранието ја донесе следната:-----------------------------------------------------------------------

------------------------------------------------**О Д Л У К А** ------------------------------------------------

**СЕ УСВОЈУВА Одлуката за одобрување на работата на одборот на директори.---------**

----------------------------------------------------------------------------------------------------------------

**Точка 7(седум) :Назначување на овлстен ревизор на финансиските извештаи на друштвото за 2019 година.-------------------------------------------------------------------------------**

Се стави точката на разгледување. За дискусија се јави Климе Бабунски кој образложи дека се разгледани приситигнатита понуди за ревизија. Не се земени во предвид понудите кој биле испратени електронски. Јордан Трајков побара за овластена ревизорска куќа де се избере Ефект Плус иако најмногу поени добила ревизорската куќа Гранд Тортон. Тодор Черепналковски сметаше дека само заради презентирање пред трети лица треба да се избере како ревизорска куќа Гранд Тортон. Александар Талимџиоски изјави дека ревизијата е исклучително важна за работењето. Тихомир Мукаетов предложи на наредното акционерско собрание да се повика претставник на ревизорска куќа.---------------

Се заклучи дискусијата и се премина на гласање, при што присутните јавно со кревање на рака од вкупните 1.578.912 , за ревиорска куќа да биде избрана Гранд Тортон „ЗА " гласале вкупно 3,24% „ВОЗДРЖАНИ"55,24% „ПРОТИВ"0,01%.--------------------------------

За изборот на Ефект Плус за ревизорска куќа гласаа „ЗА" 51,87%, „ВОЗДРЖАНИ" 3,37%, „ПРОТИВ 3,24%: -----------------------------------------------------------------------------------------------

Претседавачот со Собранието на ВВ Попова Кула АД Демир Капија, констатираше дека Собранието ја донесе следната:-----------------------------------------------------------------------

------------------------------------------------**О Д Л У К А** ------------------------------------------------

**СЕ избира за ревизорска куќа за наредната 2019 година ЕФЕКТ ПЛУС.-------------------**

----------------------------------------------------------------------------------------------------------------

По исцрпувањето на дневниот ред Претседавачот констатира дека Собранието заврши со Работа во 16,59 (шеснаесетипедесетидевет) часот.-----------------------------------------------

Откако претседавачот констатира дека со ова се во целост исцрпени точките од дневниот ред, по поканата за одржување на собрание на Винарска Визба ПОПОВА КУЛА АД Демир Капија, собранието заврши во 16,59 часот.---------------------------------------------------------

----------------------------------------------------------------------------------------------------------------

Потврдувам дека овој нотарски акт лично го составив и лично го прочитав на претседавачот на собранието и дека го предупредив на правните последици од ваквата правна работа.--------------------------------------------------------------------------------------------

Претседавачот изјави дека ги прифаќа правните последици кои произлегуваат од оваа првана работа и дека содржината на овој нотарски акт во целост одговара на дејствијата кои се случувале во собранието на акционери на Винарска Визба ПОПОВА КУЛА АД Демир Капија, одржано на ден 28.06.2018 година.-------------------------------------------------

Овој Нотраски акт е составен на шест страни и се издадени изводи потполно идентични на изворникот за потребите на Винарска Визба ПОПОВА КУЛА АД Демир Капија,а Изворникот се чува во мојата архива.------------------------------------------------------------------

Нотарска такса по тарифен број 28 став 2 од Законот за судски таксиво износ од 500,оо денари наплатена и поништена на примерокот кој останува за архивирање.--------------------

Нотарска награда согласно член 41 од Нотарската тарифа е пресметана во износ од 10.000,оо денари.-------------------------------------------------------------------------------------------

**Претседавач на собранието** на Винарска Визба ПОПОВА КУЛА АД Демир Капија,Тихомир Мукаетов,с.р. ----------------------------------------------------------------------

ОДУ бр. 255/19 ------------------------------------------------------------------------------------------

Неготино, 03.07.2019 година.-----------------------------------------------------------------------

----------------------------------------------------------------------------------------------------------------

Нотар

Зарија Апостолова

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА НОТАР ЗАРИЈА АПОСТОЛОВА НЕГОТИНО